M06/1/A1MAC/HP1/MAC/TZ0/XX

22060181

**MACEDONIAN A1 – HIGHER LEVEL – PAPER 1**
**MACÉDONIEN A1 – NIVEAU SUPÉRIEUR – ÉPREUVE 1**
**MACEDONIO A1 – NIVEL SUPERIOR – PRUEBA 1**

Monday 22 May 2006 (morning)
Lundi 22 mai 2006 (matin)
Lunes 22 de mayo de 2006 (mañana)

2 hours / 2 heures / 2 horas

---

INSTRUCTIONS TO CANDIDATES

- Do not open this examination paper until instructed to do so.
- Write a commentary on one passage only.

INSTRUCTIONS DESTINÉES AUX CANDIDATS

- N’ouvrez pas cette épreuve avant d’y être autorisé(e).
- Rédigez un commentaire sur un seul des passages.

INSTRUCCIONES PARA LOS ALUMNOS

- No abra esta prueba hasta que se lo autoricen.
- Escriba un comentario sobre un solo fragmento.

Коментирајте ЕДЕН од следниве извадоци поезјиа или проза:

**1.** (а)

Подоцна, додека брзаше накај „Грајзос", во ноќта што ги раѓаше мугрите на денот, му текна да размислува за овој град што сега го потресуваа социјални немири. Неговата индустрија не создаваше вишоци на производи, меѓутоа, богатите станувaa уште побогати, а сиромасите уште победни. Алексо Иванов не би сакал да ја мине староста во него, климата не е добра, пренаселеноста создава невротичари, затоа бројот на лудите овде е толку голем. Ако снема храна во продавниците? Бог да чува, да секне водоводот и да ожеднат облакодерите? Ако, пак, откаже електриката на улиците, во лифтовите, во фабриките и во домовите? Каква беспомошност, каков страв? Во тој случај градов бездруго ќе се распадне, си велеше Алексо, а пак неговите жители ќе си го навлечат пеколот на врат, ќе се испотепаат исплашени за својот опстанок.

Булеварите и сега, во мугрите, беа исполнети со питачи, на скверовите можеа да се видат секакви манијаци. Весниците одамна предупредуваа дека во градов живеат голем број агенти од соседните држави, провалници, крадци и национално оптоварени групи. Несигурноста, според Алекса, ја чувствуваа не само обичните граѓани, туку и општествените работници, трговците и уметниците. Киднапирањата сè уште не беа зачестени, меѓутоа, чуварите на централните паркови најдоа неколку искасапени жени. Вратите на продавниците се обезбедуваа со електронски брави, како неговата во Сантара, но крадците успеваа да го извлечат пленот. Имаше и такви кои држеа посебно дресирани кучиња. Жителите од источната страна на градот, што се изјаснуваа како муслимани, купуваа оружје под изговор дека ќе го употребат во самоодбрана. Но што ако завладее општа хистерија? Алексо Иванов си поставуваше разни прашања додека го паркираше мустангот пред „Грајзос". Дали е тоа данок на големото расипништво или последица на човечките неправди? Како и да е, тој не би сакал пензионерскиот живот да го помине овде, туку во прекрасниот дворец во Сантара, си рече на вратата од ресторанот. Веќе беше сигурен дека овој град нема иднина.

од романот <u>Црвениот Хипокрит</u> од Божин Павловски, 1985

**1.** (b)

## ПАМЕТЕЊЕТО НА ИСЕЛЕНИКОТ

Откога поминаа
многу тешки и темни години
ја разбра тој музиката
што го залудуваше
во тие есенски шуми
во планините над селото.

Велат дека децата и толпата
се највесели во пролетта
но за него во тие детски години
неговото блаженство
не знаеше граници во есента.

И со остра тага
секогаш ги слушаше
медените кавали на овчарите
низ шумите
низ тие дрвјата
што беа накитени со злато и крв
со лисја послани по земјата
да шумкаат и да трепераат
во ветровите.

И секогаш со ова сонување
го слушаше блеењето на овците
и нежниот звук на нивните ѕвонци
што се одгласуваше
низ широките простори
во неговото паметење
тие широки пустини
со бесконечни одгласи
кои беа преполни
со звукови на ѕвонци
со расфрлени стада овци
со есенски лисја
што му блескаа во душата
како болки, златни и црвени.

од Џим Томев, Фрагменти од една историја, 1990